Врз основа на **Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Охрид бр. 08-7951/10** донесена од општинскиот Совет на ден 11.06.2015 година, Општина Охрид објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.03/2021**
**За добивање на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Охрид**

**1.Предмет на овој оглас е доделување на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници за следниве линии:**

- Охрид – Пештани – Охрид линија 1
- Охрид – Пештани – Охрид линија 2
- Охрид – Г. Лакочереј – Охрид линија 1
- Охрид – Вапила –Ливоишта – Охрид линија 1
- Охрид – Косел – Охрид линија 2
- Охрид – Велгошти – Охрид линија 1
- Охрид – Велгошти – Охрид линија 2
- Охрид – Елшани – Охрид линија 1
- Охрид – Свиништа – Куратица – Охрид линија 1

Дозволите за вршење на општински линиски превоз на патници на горенаведените линии се издаваат за период од 5 ( пет) години , сметано од деднот на добивање на дозволата за вршење општински линиски превоз на патници.

Возните редови за горенаведените линии кои се прилог на овој оглас заедно со одлуката на Совет бр.08-7951/10 и останатите обрасци потребни за огласот може да се подигнат преку официјалната веб страна на Општина Охрид-**www.ohrid.gov.mk.**

**2.Услови кои треба да ги исполнуваат превозниците за добивање на дозвола за вршење на линискиот превоз:**

1) Да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност- вршење на превоз на патници во патниот сообраќај;
2) да е сопственик на минимум 2 регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг за возила, да има минимум 20 места за седење, со исполнети посебни техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз и потврда за еколошки стандарди на возилото (најмалку ЕУРО 4) и за истите да поседува важечки извод од лиценца за вршење општински линиски превоз;
3) Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;
4) Управителот или овластеното лице одговорно за превозот да има сертификат за професионална компетентност и
5) Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.

6) **Посебни услови:**

При аплицирањето превозникот мора да понуди најмалку 2 возила кои не смеат да се поклопуваат во останатите линии(по две посебни возила за секоја линија). Две возила се бараат бидејќи едно возило треба да биде во резерва во случај да се случи дефект на моторното возило со кое во моментот се врши превоз на патници.

-На огласот економските оператори можат да учествуваат поединечно или групно под услови предвидени со закон.

**НАПОМЕНА: (За поседување на бараните возила се приложува фотокопија од сообраќајната дозвола заверена на нотар, а додека за докажување на вработени возачи се приложува Список на вработени по обврзник издаден од ФПИОМ не постар од 60 дена )**

Договорот за добивање дозвола за вршење превоз има важност 5 години согласно Законот за превоз.

Договорот ќе ги содржи минимум следните одредби:

* Економскиот оператор (превозникот) се обврзува дека ќе вози на горенаведената релација за максимална цена односно цена пониска од максималната утврдена со Одлука на Совет(член 25-а од Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Охрид бр. 08-7951/10**)**;

* Економскиот оператор – превозникот се обврзува да достави уредно потпишана и заверена ( архивирана) изјава со која неотповикливо ќе гарантира дека ќе врши бесплатен превоз на инвалидизирани лица кои поседуваат соодветна легитимација дека спаѓаат во таа категорија на граѓани ;

* Општината го задржува правото за промена или дополнување на линиите назначени во возниот ред заверен во општина Охрид притоа превозникот нема да има право на приговор ниту да превзема некакво правно дејство;

* Превозникот е должен во целост да ги почитува дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај(член 22-б) односно во склоп на општинскиот линиски превоз да врши и превоз на ученици(средно и основно образование) од најблиската автобуска постојка во местото на живеење на ученикот до најблиската автобуска постојка на училиштето во работни денови за период за кој се склучува договорот.

- [член 22-б од дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај(Сл.весник на Р.М бр.163/18)]

*Договорот ќе содржи одредби со кои ќе го обврзи превозникот, превозот да го врши во времетраење согласно договорот за превоз.За непочитување на возниот ред или за предвремено прекинување на вршење на превозот на доделената линија, општината покрај одземањето на дозволата за превоз има право на наплата на пенали во висина од 10 пати поголема сума од сумата што понудувачот ја понудил на е – наддавањето.Превозникот кој нема да ја изврши услугата во времетраење на дозволата за вршење на превоз и согласно склучениот договор нема да има право на учество на идни огласи распишани од страна на Општината за вршење на превоз на патници во времетраење од 10 години .

**3.Критериуми за доделување на дозволи за вршење на општински линиски превоз:**

Дозволата ќе биде доделена на оној правен субјект кој во целост ги исполнува условите од точка 2 од јавниот оглас 03/2021, понудил највисок паушал за користење на автобуски постојки за реализација на линијата за која аплицирал за период од 5 години и потпишал изјава за прифаќање на максималните цени по релација за превоз на патници утврдени со Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Охрид донесена од страна на Советот на Општина Охрид, потпишал изјава за со која неотповикливо ќе гарантира дека ќе врши бесплатен превоз на инвалидизирани лица кои поседуваат соодветна легитимација дека спаѓаат во таа категорија на граѓани и потпишал изјава за со која неотповикливо ќе гарантира дека ќе врши бесплатен превоз на ученици согласно дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај(член 22-б) односно во склоп на општинскиот линиски превоз да врши и превоз на ученици(средно и основно образование) од најблиската автобуска постојка во местото на живеење на ученикот до најблиската автобуска постојка на училиштето во работни денови за период за кој се склучува договорот.

Најповолниот превозник на одредена линија ќе биде избран по одржување на електронското наддавање кое ќе се врши врз основа на првично изготвената ранг листа на датум и термин определен од Комисијата формирана за спроведување на огласот. Како почетна цена на електронското наддавање ќе се смета највисоко понудената цена за користење на автобуски постојки за период од 5 години утврдена во почетната ранг листа.

Почетната вредност на понудениот годишен надоместок за користење автобуски постојки согласно Одлуката за вршење општински линиски превоз изнесува:

| **Релација** | **Минимален надоместок за користење на автобуски постоки за период за кој се издава дозволата(5 години)/денари** |
|---|---|
| **Охрид-Пештани-Охрид линија 1** | 20.000,оо |
| **Охрид-Пештани-Охрид линија 2** | 20.000,оо |
| **Охрид-Г. Лакочереј -Охрид линија 1** | 15.000,оо |
| **Охрид-Вапила –Ливоишта- Охрид линија 1** | 10.000, оо |
| **Охрид-Косел-Охрид линија 2** | 15.000,оо |
| **Охрид-Велгошти -Охрид линија 1** | 12.500, оо |
| **Охрид- Велгошти -Охрид линија 2** | 12.500, оо |
| **Охрид- Елшани -Охрид линија 1** | 15.000, оо |
| **Охрид-Свиништа –Куратица- Охрид линија 1** | 10.000, оо |

Начинот на одвивање на електронското наддавање ќе биде определен со правилник кој на понудувачите ќе им биде поделен на денот на отворање на понудите.

Дозволата и возниот ред од ставот 2 на овој член се издаваат со рок на важење од пет години.

**Начинот на подмирување на надоместокот за користење на автобуски постојки ќе биде определен со договорот за добивање дозвола за вршење на превоз на одредена релација.**

**4. Појаснување на критериуми**

**Во врска со критериумите утврдени во овој оглас, превозниците имаат право да постават прашања во писмена форма на следната електронска адреса: komunalen.razvoj@ohrid.gov.mk.**

**Краен рок з апоставување прашања: 09.07.2021 година до 12 часот.**

**5. Содржина и рок на доставување на понуда за добивање на дозвола за вршење на линискиот превоз:**

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок на понуда во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

-е адресиран со точна адреса на договорниот орган,

-го содржи бројот на огласот, делот за кој аплицира

-во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Пример како треба да се адресира надворешниот коверт:

| | |
|---|---|
| **„ Не отворај”** | **ЈАВЕН ОГЛАС БР.03/2021**<br>**Општински линиски превоз з**<br>**До**<br>**Општина Охрид**<br>**ул. „Димитар Влахов” бр.57**<br>**за линија:** |

Понудата за добивање на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Охрид и регистриран возен ред треба да содржи:

- Полн назив, седиште и адреса на превозникот;
- Матичен број и адреса на превознокот;
- Пополнет образец на понуда;
- Документи во оргинал или фотокопија за докажување на исполнување на уловите од точка 2(два) од јавниот оглас;
- Изјава за прифаќање на максималната цена за чинење на возниот билет (истата е утврдена со Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници).
- Изјава за бесплатен превоз на инвалидизирани лица ;
- Изјава за вршење превоз на ученици(средно и основно образование) од најблиската автобуска постојка во местото на живеење на ученикот до најблиската автобуска постојка на училиштето во работни денови за период за кој се склучува договорот.

**Начинот на подмирување на надоместокот за користење на автобуски постојки ќе биде определен со договорот за добивање дозвола за вршење на превоз на одредена релација.**
**Во образецот понуда во делот надоместок, превозникот самиот го наведува износот на годишниот паушал за користење на автобуски постојки и истиот не треба да е помал од минималниот износ по линија утврден во член 25 – в од Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Охрид бр. 08-7951/10 .**

Понудите кои нема да ја содржат целокупната барана документација нема да бидат предмет на евалуација.
Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

Заинтересираните превозници своите понуди треба да ги достават во затворени коверти со назнака за Јавен оглас 03/2021, најдоцна до 12. 07. 2021 година до **13:00** часот на следната адреса: Општина Охрид-Комисија за спроведување на оглас 03/2021 Општински линиски превоз на патници ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.
Записникот од отварањето на понудите на сите подносителите на понуди ќе им биде достапен во секое време.

**ОПШТИНА ОХРИД**

**Комисија за спроведување на јавен оглас 03/2021**